**202617022618**

## РЕГУЛАТОРНА КОМИСИЈА ЗА ДОМУВАЊЕ

Врз основа на член 105 став 5, член 109 став 1 точка 1 точка 7 и член 111 став 2 од Законот за домување („Службен весник на Република Македонија“ бр. 99/2009, бр.57/2010, бр.36/2011, бр,54/2011, бр.13/2012, бр.55/2013, бр.163/2013, бр.42/2014 и бр.199/2014, 146/2015, бр.31/2016 и бр.64/2018 и („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.302/2020, бр.150/2022, бр.224/24 и бр.160/2025), Регулаторната комисија за домување, на седницата одржана на 16.7.2026 година, донесе

# ОДЛУКА ЗА ОПРЕДЕЛУВАЊЕ НА ВИСИНАТА НА НАДОМЕСТОКОТ ЗА ОРГАНИЗИРАЊЕ И СПРОВЕДУВАЊЕ НА ОБУКАТА ЗА ВРШЕЊЕ НА ДЕЈНОСТИТЕ ЗА УПРАВУВАЊЕ СО СТАНБЕНИ ЗГРАДИ

Член 1

Со оваа одлука се врши изменување и дополнување на Одлуката за определување на висината на надоместокот за организирање и спроведување на обуката за вршење на дејностите за управување со станбени згради, за вработените лица во правните субјекти кои поседуваат лиценца за управител за дејностите за управување со станбени згради со број: Бр.02-607/1 од 03 ноември 2025 година во („Службен весник на РСМ“ бр.231/2025).

Член 2

Во член 2 став 1 по зборовите “станбени згради” се додаваат зборовите “во редовно предвидени термини за обука од страна на Регулаторната комисија за домување”.

Во член 2 се додава нов став 2 и гласи:

“Висината на надоместокот за организирање и спроведување на обуката за вршење на дејностите за управување состанбени згради за вработените лица во правните субјекти кои поседуваат лиценца за управител за дејностите за управување со станбени згради, согласно Програмата за обука за вршење на дејностите за управување со станбени згради по барање на Правен субјект изнесува”.

| **Ред.Бр.** | **обука** | **Денари** |
|---|---|---|
| 1. | Обука за едно до пет лица | 30 000,00 |

Член 3

Член 4 се менува и гласи:

Оваа Одлука влегува во сила на денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“.

Бр. 01-601/1
16 јули 2026 година
Скопје

Регулаторна комисија за домување
Претседател,
**Никола Затуроски,** с.р.